# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 04.Февруари 2004 година<br>Службен гласник број **1**<br>Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Пиtу Гули бр.2, tел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член  50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп,  донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП  ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп  за 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/1      ГГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година      на Општина Прилеп
П р и л е п      Сашо Пирганоски

Врз основа на член 29 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр 5/2002), член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003") и член 128 од Деловникот на Советот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп бр.3/97"), Советот на Општина Прилеп на седницата  одржана на 30.01.2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за работа на Советот на Општина Прилеп
за 2004 година

**I.ОПШТ ДЕЛ**

Според надлежностите што се определени со Уставот на Р.Македонија, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп, Советот донесува Програма за работа за 2004 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2004 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

**II.ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**II.1. Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2004 година**

1. Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2004 година
ИЗРАБОТУВА: Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп
ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп

2. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште во 2003 година
3.Пограма за уредување на градежно земјиште за 2004 година.
ИЗРАБОТУВА:Одделение за комунални дејности
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заштита на животната средина и Оборот за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

4. Извештај за реализирање на програмата за изградба , одржување и заштита на локални патишта во 2003
5. Програма за изградба, одржување и заштита на локални патишта и улиците во Општиа Прилеп за 2004
6. Информација за поставување и користење

рекламни паноа и билборди.
7. Предлог - План за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп.

ИЗРАБОТУВА: Фондот за локални патишта и стручните служби
РАЗГЛЕДУВА: Управниот одбор на Фондот за локални патишта, Одборот за урбанизам и заштита на живот.сред., Одбор за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Управниот одбор на Фондот за локални патишта
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

8. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2003год.
9. Програма за јавно осветлување за 2004 година
10. Програма за водоводи и канализација во населените места
ИЗРАБОТУВА:Одделение за комунални дејности
РАЗГЛЕДУВА: Оборот за јавни и комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

11. Извештај за состојбата со водоснабдувањето и превземени краткорочни и долгпрочни мерки за тековната 2003 година;
12. Извештај за работата на ЈКП Комуналец при реализација на Програмата за одржување и реконструкција на локалната водоводна и канализациона мрежа, јавната чистота, паркови и зеленило, гробишта, пазари за 2003год.
13. Програма за работа на ЈКП "Водовод и канализација" во одржување и реконструкција на локалната водоводна и канализациона мрежа за 2004 год.
14. Програма за работа на ЈКП Комуналец во одржување на јавната чистота, паркови и зеленило, гробишта и пазари за 2004 година.

ИЗРАБОТУВА: ЈКП "Водовод и канализација" ЈПК" Комуналец" - Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" и ЈКП Комуналец Прилеп и Оборот за јавни и комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

15. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП Комуналец Прилеп за 2003 година
16. Финансиска програма на ЈКП„КОМУНАЛЕЦ„ Прилеп за 2004 година.
17. Финансиска програма на ЈКП„Водовод и канализација" Прилеп за 2004 год.
ИЗРАБОТУВА: ЈКП "Водовод и канализација" ЈПК" Комуналец" - Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" и ЈКП "Комуналец" и Оборот за јавни и комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп

18. Програми за рабоsта на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2004 год.
19. Финансиски програми на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2004 год.
20. Завршна сметка за финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2003 година
21. Извештај за работата на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво „ Радио и телевизија„ Прилеп за 2003
ИЗРАБОТУВА: Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво , Радио и телевизија Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и Финансиското работење на ЈРДП на локално ниво" Радио и телевизија„ Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

22. Буџет на Општина Прилеп за 2004 година
23. Завршна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2003 год.
ИЗРАБОТУВА:Министерство за финансии - ПЕ Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

24. Информација на ЈКП Комуналец Прилеп за изградба на објектот Капела на градските гробишта и придружен објект трпезарија;
25.Информација за состојбата со изградбата на новата регионална депонија
26. Одлука за учество во Проектот - Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Македонија
27. Информација за состојбата со дивите депонии
28. Информација за состојбите со кучињата-скитници, чавките и другите штетници во градот.
ИЗРАБОТУВА: ЈПК" Комуналец" - Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп

29. Програма за донесување на урбанистички планови во 2004 год.
30. Одлука за продолжување на важноста на урбанистичките планови
31. Програма за јавна кампања за чист и зелен

Прилеп
32.Информација за локација на културно-историски споменици во подрачјето на Општина Прилеп
33. Одлука за усвојување на архитектонско решение за уредување на централното градско подрачје.
ИЗРАБОТУВА: Главниот архитект на градот
Комисија за урбанистички планови
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заштита на жив. средина и Оборот за јавни и комунални дејности, Одбор за одбел.настани и личности
ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп.

34.Програма за одбележување на верскиот празник „Прочка" и учество во манифестацијата „Собири на карневалски градови".
ИЗРАБОТУВА : Одборот за општествени дејности и
Одборот за одбележување на празници иманифестации
НОСИТЕЛ : Советот на Општина Прилеп и
Одборот за општествени дејности
35 Одлука за организирање на Општинска администрација
36. Колективен договор на ниво на работодавец на вработените во Општинската администрација.
ИЗРАБОТУВА: Основна организација на синдикатот
и Општинска администрација
РАЗГЛЕДУВА: Статутарно-правна комисија и
Одбор за финансии и буџет
ДОНЕСУВА Совет на општина Прилеп.

37. Одлука за формирање на Слободна економска зона
38. Предлог Одлука за основање на ЈП за просторно и урбанистичко планирање.
ИЗРАБОТУВА: Општинска администрација
РАЗГЛЕДУВА: Статутарно-правна комисија
ДОНЕСУВА : Совет на општина Прилеп

39. Постојано следење на проблемот соводоснабдувањето на Општина Прилеп.
40. Програма за работа на Советот на потрошувачите.
ИЗРАБОТУВА: Советот за заштита на потрошувачите
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
ДОНЕСУВА : Совет на општина Прилеп

41. Информација за зозтојбата со просторот за паркирање и начинот на неговото користење.
42. Информација за архитектонските бариери и лицата со посебни потреби.
43. Информација за состојбата и локација со културните споменици и градбеното наследство во Општина Прилеп.

**II.2. Второ тримесечие - период АПРИЛ - ЈУНИ 2004 година**

1.Правилник за условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење на линиски превоз на патници во градскиот и приградскиот превоз во Општина Прилеп.
**ИЗРАБОТУВА:** Инспекција за ком. работи,
сообраќај и патишта
**РАЗГЛЕДУВА:** Комитет за сообраќај, Одбор за урбанизам и заштита на жив.сред. и Одбор а јавни и комунални дејности
**ДОНЕСУВА:** Советот на општина Прилеп.

2. Усвојување на Правилник за условите за привремено отстапување на делови од јавни сообраќајни И други простории на користење на одделни субјекти кои имаат потреба од тоа;
3. Усвојување на Правилник за поставување на урбана опрема;
4. Донесување на Одлука за утврдување на услови и режим на сообраќај во централното градско подрачје.
5. Донесување на Одлука за регулирање на начинот и условите за сите видови рекламирања и огласувања на јавни простории со посебен правилник.
НОСИТЕЛ: Главниот архитект на градот и
Фонд за лок. патишта
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заштита на животната средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

6. Разгледување и усвојување на проекти и програми од еколошко и друго значење за Општината во соработка со невладините организации.
7. Предлог за донесување на ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН за Општина Прилеп.
8. Разгледување и усвојување на нормативи и стандарди за уредување и
одржување на пешачките површини во градот.
9.Информација за ревитализација на проектите кои се реализирани средства од донации.
НОСИТЕЛ: Главниот архитект на градот со
архитектонскиот совет
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урбанизам и заш.
на животната средина, и
Фондот за патишта
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

10. Информација за статусот на објектите изградени од самопридонес на граѓаните и активности за враќање во надлежност на Општина Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: Управни и админст. органи
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

11. Информација за одржувањето на театарските игри Војдан Чернодрински, вклучување на локалната самоуправа во организацијата
12.Стратегија за културен развој на Општина Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: Културен креативен борд на Прилеп
РАЗГЛЕДУВА: Одбор за јавни и комун. дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

13. Информација за состојбите со бруцилозата и предлог мерки за спречување на ширење во Општина Прилеп.
14. Разгледување на информацијата за социјалниот статус на населението во град Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: Одборот за општеств. дејности во соработка со: Биро за вработување и Центар за социјални гриж
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

15.Одлука за донесување на грб и знаме на Општина Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: Комисија за грб и знаме
НОСИТЕЛ: Советот на Општина Прилеп.

16. Извештај за комуналното уредување на Општина Прилеп за првото полугодие од 2004г.
ИЗРАБОТУВА: Оделение з а комунални дејности
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за Комунални дејности и Одбор за урбанизам
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

17. Информација за состојбата со гробиштата во Општина Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: ЈКП„Комуналец„ Прилеп и Комисија за изготвување на оваа Информација
РАЗГЛЕДУВА:Одборот за јав.и и ком. дејн.
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп.

18. Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.
ИЗРАБОТУВА: Одбор за општествени дејности во соработка со: Агенција за млади и спорт и ЈП за стопанисување со спортски објекти
УСВОЈУВА : Совет на О.Прилеп.
19. Информација за состојбата на Општинскиот сојуз за спортови на Општина Прилеп.
ИЗРАБОТУВА: Одбор за општествени дејности во соработка со: Агенвија за млади и спорт
УСВОЈУВА : Совет на Општина Прилеп.

20. Информација за целокупниот имот на Општина Прилеп
ИЗРАБОТУВА: Општинска администрација
РАЗГЛЕДУВА: Совет за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп

21. Програма за развој на Општина Прилеп во наредниот 5 годишен период.

**II.2А. Второ тримесечие - период АПРИЛ - ЈУНИ 2004 година**

22. Програма за спроведување на децентрализацијата и реформите во Локалната самоуправа

**II.3. Трето тримесечие - период ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2004 година**

1.Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година: реализацијата ке биди во текот на целата година, согласно постапките на нивно донесување.
НОСИТЕЛ: Главниот архитект на градот , Совет за архитектура
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за урб. и заш. на живот. средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

1.Информација за состојбата на Програмата за просторно планирање и физибилити студијата за одредени локалитети на Општина Прилеп за 2004 година.
НОСИТЕЛ: Главниот архитект на градот
РАЗГЛЕДУВА:Одборотза урбанизам и заштита на животната средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

3. Покренување на акција за спроведување на дератизација врз основа на детална анализа на инфраструктурата.
4.Покренување на иницијатива за формирање на Комитет за заштита и здравје при работа.
ПРЕДЛАГАЧ: Завод за здравствена заштита, Одборот за општествени дејности во соработка со трудова, санитарна инсп. и Синдикат.
НОСИТЕЛ: Советот на Општина Прилеп.

5. Програма за прославување на 11 Октомври.
ИЗРАБОТУВА: Одбор за одбележување на празници, манифестации и доделување на награди и признанија во соработка со Сојузот на борците
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

6. Информација за состојбата со оџаците и оредлог мерки за заштита од пожари.
ИЗРАБОТУВА :У.В.Р. - Против пожарна бригадаПрилеп
УСВОЈУВА: Совет на Општина Прилеп.

**II. 4. Четврто тримесечие - период ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2004 година**

1. Информација за наталитетот во град Прилеп и демографска анализа
2. Информација за почетокот на школската година, состојбите во предшколските установи и основните училишта.

ИЗРАБОТУВА: Одборот за општествени дејности
РАЗГЛЕДУВА: Советот на Општина Прилеп
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

3. Доделување на награди 3 Ноември

РАЗГЛЕДУВА: Одбор за одбел. празници и манифестации и додел. награди и признанија
УСВОЈУВА: Одбор за одбележување на празници, манифестации и доделување награди и признанија.

4. Покренување на иницијатива за отворање на Канцеларија за ментална хигиена на младите и поддршка на талентираните ученици

ИЗРАБОТУВА: Одбор за опшествени дејности Субјекти од образовниот систем- психолози, ДНУ и НВО
УСВОЈУВА: Советот на Општина Прилеп.

5. Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Прилеп за 2004/2005.

ИЗРАБОТУВА: Фондот за локални патишта
РАЗГЛЕДУВА: Одборот за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

6. Програма за организиран дочек на 2005 година.

ИЗРАБОТУВА: Одбор за опшествени дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп

7. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2005 година.

ИЗГОТВУВА: Комисија за изготвување на Предлог-Програма
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

8. Буџет на Општина Прилеп за 2005 година.

ИЗРАБОТУВА: ПЕ на Министерството за финансии
РАЗГЛЕДУВА: Одбор за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општина Прилеп.

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од програмата за работа на Советот на Општина Прилеп се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2004 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2004 година.

**IV.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Имајќи го во предвид големото значење за граѓаните на Општината, што го носи процесот на децентрализација, кој процес ќе се интензивира во оваа година, неопходна е постојана транспарентност и информираност за секој сегмент на децентрализацијата, односно пренесувањето на надлежностите од централната на локалната власт, со што ќе се унапреди процесот на демократијата во Општината, секој граѓанин во Општината ќе има можност да се запознае со правата, обврските и предностите што ги носи процесот на децентрализација, во поодделните сегменти на животот.

При разгледувањето на Буџетот за 2004 гдина и Завршната сметка за 2003 година да се даде поголема

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2004 година, Советот на Општина Прилеп ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Програмата да се проследи до Градоначалникот и да се објави во Службен гласник на Општината Прилеп.

Број 07 - 117/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕПЗА 2004 ГОДИНА**

**1.** Заклучоците по Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2004 година, се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – _135/1-1_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003),

Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, претресувајќи ја Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2004 година, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Ловечкото друштво "Мукос" - Прилеп да се ангажира да спроведе акција за намалување на чавките во градот.

2.Во текот на првото тромесечие да се изврши осовременување на условите за работа на Советот и службите кои извршуваат работи од надлежност на Советот.

3.Заклучоците да се достават до: Ловечкото друштво "Мукос", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4.Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 117/2-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2004 ГОДИНА**

1. Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/2_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 3 од законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. бр.4/96,28/97,18/99, 53/01), член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување урбанистички планови (Сл.в. на РМ бр. 2/02) и член 22 став 1 точка 3 од законот за Локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр. 52/95), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 30. 01. 2004год. донесе :

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕПВО ТЕКОТ НА 2004 ГОДИНА**

**А. ГЕНЕРАЛНИИУРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**1. Измени и дополнувања на ГУП на Прилеп**

1.1- Измена и дополнување на ГУП на Прилеп за дел од УАЕ бр. 6 со граници ул. "Марксова", ул. "Тризла", ул. " Круме Волнароски" и ул. "Мице Козар" со површина од 11.6Ха

1.2.- Измени и дополнувања на ГУП на Прилеп на повеќе делови во однос на намената на површината во смисол на усогласување со постојната состојба и барања на граѓани за стопански објкети како и на делови од сообраќајното решение.

**2. Генерални урбанистички планови за стопански комплекси**

2. ГУП за стопански комплекси м.в. Тополка к.о. Варош

2.1. Гуп за стопански комплекс за производни погони во м.в. Тополка К.О. Варош на к.п. бр.1574, 1653/1 и др. 3.0Ха

2.2. Гуп за стопански комплекс за производни погони во К.О. Варош м.в. Тополка, опфат со граници по к.п. 3351, 859, 826, 3327 (пат) 1056, 1065, 3330 (пат) и ГУП на постојни производни погони со површина од 12Ха.

2.2.а. Дополнување на точка 2.3. со проширување на опфатот со к.п. бр. 2015 и зголемување на површината за изработка на ГУП за стопански комплекс за 8.0Ха.

2.3. Гуп за стопански комплекс за производни погони во К.О. Варош м.в. Падарница, на к.п. 1084,1803, 1802, 1805, 1799 1.5Ха

**3. ГУП за стопански комплекс К.О. Ново Лагово**

3.1. Гуп за стопански комплекс за производни погони -проширување на постоен стопански комплекс во К.О. Ново Лагово на К.П. бр. 125/2; 125/3; 126/1 и 126/2 1.0 Ха

**4. ГУП за стопански комплекс К.О. Прилеп**

4.1. Гуп за стопански комплекс за производни погони во м.в. Долно Садово во К.О. Прилеп на к.п. бр. 4228/1 и бр. 4233/1 со површина од 2.20Ха како проширување на постоен ГУП за стопански комплекс .

**5. ГУП за стопански комплекс - придружни и услужни објекти на патот.**

5.1 - ГУП за стопански комплекс за придружни и услужни објекти и содржини на јавните патишта на РП 106 во м.в. Поводеници на к.п. бр. 478 , во К.О. Прилеп (десно) - мин. површина на опфатот 1.50Ха

5.2. Гуп за стопански комплекс - за придружни и услужни објекти и содржини на јавните патишта,(Мотел "Плетвар" - ресторан "Че" и бензинска пумпа) на РП 106 Градско - Прилеп со стационажа 41+420,00 км. на дел од к.п. 51

во м.в, Чашка во К.О. Плетвар со вкупна површина од 0.5 Ха

5.3. Гуп за стопански комплекс за производни погони и придружни објекти на патот во К.О. Беровци во Општина Прилеп на К.П. бр. 1064, 1066, 1061/2, 1062/1 и 1062/2 со вкупна површина од 6.30Ха

5.4 - ГУП за стопански комплекс за придружни и услужни објекти и содржини на јавните патишта на РП 106 во м.в. Сарика на К.П. бр. 1645/1 во К.О. Прилеп (лево) мин. површина на опфатот 1.5Ха

**Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**1**. Ревидирање на детални урбанистички планови

**2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП**

- ДУП за град Прилеп за УАЕ **бр.**1 ; Урбан блок 1/3 ; урбан модул 1. со граници : ул."Нил Амстронг", "Козјак", и "Мукос") - 1.5Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.1 (3); Урбан блок 1/3; урбан модул 2. со граници Ул. "Марксова", "Шаќир Војвода", "Поп Спасе Игуменов" и "Јуриј Гагарин" - 1.20Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **2** - Урбан блок 2/3 - 29.70Ха и Урбан блок 2/2 ; урбан модул 1. - 0.8Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **2** - Урбан блок 2/1; урбан модул 1. со граници ул. "Егејска", "Кузман Јосифоски", "Марксова" "Самоилова" 15.0Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5** - Урбан блок 5; урбан модул 1. со граници ул. "Мице Козар", "Новопроектирана", "Браќа Шемкоски", "11 -ти Октомври" - 2.4Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5** - Урбан блок 5; урбан модул 2. со граници ул. "Тризла", "Авала", "Кораб" - 1.0Ха.
- ДУП за град Прилеп за дел од УАЕ бр. **6**; Урбан блок 6 ; урбан модул 1. со граници ул. "Марксова", ул. "Тризла", ул. " Круме Волнароски" и ул. "Мице Козар" - 11.6Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/2 ; урбан модул 1. со граници од ул. "Димо Наредникот", ул. "Андон Слабејко", Река Оревоечка, до мост на железничка пруга - 3.5Ха и урбан модул 2. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "Трајко Николоски", железничка пруга и полски пат - 3.50Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 8; Урбан блок 8/1; урбан модул 1. со граници ул. "Бидимаш", "Борка Стеваноски", "Андон Слабејко", "А. Спиркоски Џемо" и железничка пруга 3.4 Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 8; Урбан блок 8/2; урбан модул 3. со граници ул. Сотка Ѓорѓиоски", "Пецо Спиркоски", "Киро Ќосески", "Менде Бошкоски", Кеј "9-ти Септември" - 1.00Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 9; Урбани блокови 9/1 - 30.53Ха и 9/2 - 24.70Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 1.- со граници ул."Борис Кидрич", ул. "К.П.Мисирков", "Крушевска" - 1.80Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 2.- со граници ул."Диме Димески", ул. "Црвени стени","Душко Наумоски", "Киро Крстески Платник" - 2.00Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 3.- со граници ул."11-ти Октомври", ул."Крушевска","М.Цепенков", "К.К.Платник" - 3.60Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **10**; Урбан блок 10; урбан модул 4. со граници ул."Борис Кидрич", ул. "К.П.Мисирков", "Кеј 4-ти Јули" - 2.50Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 11; Урбан блок 11/3 - 24.00Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.13; Урбан блок 13; урбан модул 1. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "М.Ацев", ул. "Пере Темелкоски" и ул. "11 Октомври" крак - 2.2Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 13; Урбан блок 13; урбан модул 2. со граници Ул. "Сотка Ѓорѓиоски", "Моша Пијаде", "Скопска" и "Ордан Чопела" - 0.70Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 13; Урбан блок 13; урбан модул 3. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Борка Талески", ул. "Моша Пијаде", ул. "Орде Чопела" и ул. Кеј "9-ти Септември"- крак - 2.50Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 13; Урбан блок 13; урбан модул 4. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Борка Талески", ул. "Моша Пијаде", ул. "Републиканска" - 2.50Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 13; Урбан блок 13/ ; урбан модул 5. со граници од Кеј"9 -ти Септември", ул. "Мирче Ацев", ул. "Страшо Пинџур", ул. "Димче Ацев" - 2.00Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 14; Урбан блок 14 - 29.39Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.15; Урбан блок 15/1; урбан модул 1. со граници ул. "Цане Коњарец", "Иво Лола Рибар" - 0.75 Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.15; Урбан блок 15/1; урбан модул 2. со граници ул. "Цена Џинорозо", "Прохор Пчински", Лазо Филипоски"- 2.0 Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/1; урбан модул 1. со граници Ул. "Димитар Влахов", "Трајко Тарцан", "Вера Циривири", "Кичевска" и "Стеван Базерко"- 0.70Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/1; урбан модул 2. со граници ул. "Димитар Влахов", "Благоја Стојкоски", "Вера Циривири" и "Круме Спиркоски" - 0.70Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/1; урбан модул 3. со граници Ул. "Мара

Јосифоска", "Моша Пијаде", "Илија Игески" и "Ристо Крле"- 1.00Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 16; Урбан блок 16/1; урбан модул 4. со граници ул. "Димитар Влахов", "Вера Циривири", "Стефан Базеркоски", "Кичевска","Благоја Николоски" - 1.20Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.17; Урбан блок 17/4 ; урбан модул 1. со граници ул. "Моша Пијаде", "Козара", "Ѓорче Петров", "Пере Тошев", "Никола Тесла", - 1.30 Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.17; Урбан блок 17/4 ; урбан модул 3. со граници ул. "Моша Пијаде", "Сава Ковачевиќ"- крак, "Октомвриска" "Петта прилепска бригада" - 1.2Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.17; Урбан блок 17/4; урбан модул 2. со граници ул. "5-та Прилепска бригада" ул. "Ѓорче Петров" ул. "Никола Тесла" и ул. Новопроектирана - 2.0Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 18; Урбан блок 18/2 - 9.00 Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 19; Урбан блок19/2 - 33.39Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. 20; Урбани блокви : 20/3 - 19.81Ха; 20/4 - 31.73Ха; 20/5 - 13.55Ха.
- ДУП за град Прилеп за УАЕ бр.21; урбан блок бр. 21/2 со граници од ул. "Леце Котески" Бул. "М. Тито", новопроектирана улица и железничка пруга - 7.50Ха.

**В. УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

и ОПШТИ АКТИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

1. - Штавица
2. - Мало Коњари
3. - Ново Лагово
4. - Тројаци
5. - Селце
6. - Оревоец

**Г. ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТИ** ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

**II. ПРОГРАМА ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2004год**

1. Просторен план на прилепскиот регион ( Прилеп, Тополчани, Долнени, Кривогаштани и Крушево).
2. Туристичко - урбанистичка студија за зоната " Златоврв - Маркови Кули -Плетвар".
3. Урбанистичка документација за етнографска населба Штавица

**III. ИЗРАБОТКА НА ПРЕДЛОГ ПЛАН - ЛЕАП НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**IV. ИЗРАБОТКА НА ДРУГИ ПРОЕКТИ И ПРОГРАМИ ОД ЕКОЛОШКО И ДРУГО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА ВО СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

**V. ИЗРАБОТКА НА НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ** за уредување и одржување на пешачките површини .

Број 07 - 117/3 Совет на Општина Прилеп
30. 01. 2004 год. Претседател
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКЛУЧОЦИ БРОЈ 07 - 1689/2 ОД 21.12.1998 ГОДИНА**

1.Заклучокот за измена на Заклучоци број 07 - 1689/2 од 21.12.1998 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/3_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 1. 2. и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" 4/96, 28/97,18/99,53/01 и 45/02), член 22 точка 1. и член 36 точка 1. од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" и 5/02) и член 14 точка 1 и член 26 точка 6 и 7 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп " бр. 6/03 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 30.01.2004 година донесе :

ЗАКЛУЧОК
за измена на Заклучоци бр.07-1689/2 од 21.12.1998 година

Член 1

Во Заклучоците бр.07-1689/2 од 21.12.1998год. донесени од Советот на општина Прилеп на седница одржана на ден 21.12.1998година (Службен гласник на опаштина Прилеп бр.5/98), во точка 3. се бришат зборовите " за период од уште 5 години".

Член 2

Овој Заклучок стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 117/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од

Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2004 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1.Програмата за јавно осветлување за 2004 година на подрачјето на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – _135/4_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргклимоски

Согласно член 17 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.52/95), член 14 став 1 точка 4 и член 26 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп„ бр.6/03) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 30.01.2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
За јавно осветлување за 2004 година на подрачјето на Општина Прилеп

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Прилеп, кои се предвидуваат да се одвиваат во три нивоа:
1.Контрола
-на потрошена електрична енергија
- на техничка исправност на светилките и инсталации
1.Проширување на ниско напонска мрежа-улично осветлување
2.Одржување на уличното осветлување
Трите предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани единици, сукцесивно према извештајот од контролата а согласно прибраните средства.
Подружницата на АД Електростопанство на Македонија ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметката на Буџет на Општина Прилеп – Програма комунално.
Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Прилеп годишно се предвидува да се приберат 13.500.000 денари, кои ќе се распоредуваат за:
-Потрошена електрична енергија ....8.000.000
-контрола........................................ 1..000.000 ден.
-Проширување на НН мрежа за ул.осветлување 1..700.000 ден.
-Одржување на ул. осветление. 2.800.000 ден.

**1.Контрола**
-Потрошена електрична енергија
-евидентирање на број и местоположба на броилата
-евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот
-евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа
**Техничка исправност**
-на мрежата
-на броилата
-на улични светилки
-на декоративни светилки
-на опремата
Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

**1.Проширување на нисконапонска мрежа за осветлување**
-Осветлување на постојни улици во градот каде до сега нема мрежа
Ул.Павел Шатев – поставување на столбови
Ул.Кеј 1-ви Мај – поставување на канделабри
Ул.Кеј 9-ти Септември – поставување на канделабри
Бул.Гоце Делчев на потегот од Липа до ПП Дом
-Осветлување на новопроектирани улици во градот
**1.Одржување на улично осветлување**
а).улично осветление
б).декоративно осветлување
Набавката на материјалите и работната рака за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.
Планиран материјал за тековно одржување на уличното осветлување

| **Р. бр.** | **Име на материјалот** | **Един.мерка** | **Количина** |
|---|---|---|---|
| 1. | Комплет арматури | п. | 30 |
| 2. | Сијалици од 400 W | п. | 100 |
| 3. | Сијалици од 400 W (натриумови) | п. | 20 |
| 4. | Сијалици од 250 W | п. | 100 |
| 5. | Сијалици од 160 W | п. | 120 |
| 6. | Сијалици од 125 W | п. | 1500 |
| 7. | Сијалици од 80 W | п. | 50 |
| 8. | Пригушници од 400 W | п. | 20 |
| 9. | Пригушници од 250 W | п. | 15 |
| 10. | Пригушници од 125 W (затвор) | п. | 300 |
| 11. | Пригушници од 125 W(отворени) | п. | 50 |
| 12. | Пригушници од 80 W | п. | 10 |
| 13. | Заштитни стакла | п. | 850 |
| 14. | Фасонки Е-40 | п. | 20 |
| 15. | Фасонки Е-27 | п. | 250 |
| 16. | Склопки CN-16 | п. | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Склопки CN-25 | п. | 2 |
| 18. | Склопки CN-40 | п. | 3 |
| 19. | Склопки CN-100 | п. | 2 |
| 20. | Склопки CN-63 | п. | 6 |
| 21. | Склопки K-63 | п. | 6 |
| 22. | Форели | п. | 5 |
| 23. | Силикон жица 2,5 мм | м. | 50 |
| 24. | Обична жица 1,5 мм | м. | 400 |
| 25. | Обична жица 2,5 мм | м. | 50 |
| 26. | Обична жица 6 мм | м. | 10 |
| 27. | Кабел 2 x 1,5 | м. | 50 |
| 28. | Пластични топки Ф-500 | п. | 30 |
| 29. | Пластични топки Ф-400 | п. | 30 |
| 30. | Алко клеми | п. | 50 |
| 31. | Патрони осигурачи 25 а. | п. | 30 |
| 32. | Јаже ал-че 35 мм | м. | 200 |
| 33. | Самоносив кабел XOO/A 2x16мм | м. | 100 |

1.Програмата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Прилеп.

Број _07 - 117/5
30.01.2004 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИВОДОВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕПИ ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОРИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Програмата за изградба на локални водоводи во населените места во Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина Прилеп за 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – _135/5_
04.02.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргаnоски

Врз основа на член 29 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.52/95) и член 26 точка 14 од Статутот на ОпШтина Прилеп („Сл.гласник на ОпШтина Прилеп„ бр.6/03), Советот на ОпШтина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за изградба на локални водоводи во населените мectaвo Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина Прилеп за 2004 година

**ОПШТО:**

На територијата на Општина Прилеп општа е констатацијата дека поголем дел на населените места се снабдуваат со хигиенски неисправна вода за пиење при што во летниот период капацитетот на вода е многу мал, па во никој случај не ги задоволува ни минималните потреби од вода за населението.

Што се однесува за покриеноста на Општина Прилеп со колекторска канализациона мрежа и регулација на Градската река состојбите на истите не ги задоволуваат потребите за минимално урбано живеење во општината.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, Советот и Градоначалникот на Општината, во рамките на своите надлежности и можности, презема активности за изградба на локални системи за водоснабдување на населените места и за изградба на колекторски системи и регулација на коритото на Градската река.

Со оглед на состојбата, интересот и изградба на водоводи кај локалното население е голем и нивната ангажираност е драгоцена.

Меѓутоа треба да се нагласи дека со оглед на финансиските можности на населението, а од друга страна релативно високите вредности за изградба на овие објекти, во голема мера се доведува во праШање изградбата на овие објекти, без финансиска подрШка од државата.

**П Р О Г Р А М А**

Имајќи ги во предвид потребите, можностите, иницијативите од локалното население и од подготвената техничка документација, во текот на 2004 година на полето на изградбата на локални водоводи и колекторски системи ќе се ангажира на следните објекти:

**1.В О Д О В О Д И:**

1.1. с. Штавица-доизградба
1.2. с.Големо Радобил - доизградба
1.3. с. Волково
1.4. с. Прилепец
1.5. с. Ленисте
1.6. с. Оревоец
1.7. с. Мало Радобил
1.8. с. Присад
1.9. с. Никодин
1.10. с.Тројаци
1.11. с.Топлица

**К О Л Е К Т О Р И:**

1.1. Колектор „Варош„ - доизградба

1.1.1. Колектор ,,Архимедова,, - ,,Преспанска,, - ,,Слобода,,
1.2. Колектор ,,Гостиварска,

**3. РЕГУЛАЦИЈА НА ГРАДСКА РЕКА**

За водоснабдителните објекти во населените места: Големо Радобил, Мало Радобил, Волково, Прилепец, Лениште, Ореовец и Присад изработена е инвестиционо-техничка документација, а за другите населени места треба да се изработи.

**Во изградбата на водоснабдителните објекти за населените места ќе учествуваат:**

1. Државата
2. Општината
3. Локалното население

- За регулација на Градската (Оревоечка) река потребните средства се очекуваат од Министерство за транспорт и врски (Републички буџет) и од други извори од Меѓународни донации.

При реализирањето на програмата да се почитува приоритетот како што е наведено во Програмата.

Оваа Програма преставува основа за изградба на водоснабдителни објекти и изградба на колектори и барање на финансиски средства од државата.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Сл.гласник на Општина Прилеп,,.

Број 07 - 117/6 **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
30.01.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ВОДОВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП И ИЗГРАДБА НА КОЛЕКТОРИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2004 ГОДИНА**

1. Заклучокот по Програмата за изградба на локални водоводи во населените места во Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина прилеп за 2004 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – _135/5-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, претресувајќи ја Програмата за изградба на локални водоводи во населените места во Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина Прилеп за 2004 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Да се интензивираат активностите за завршување на отпочнатите постапки за превземање на завршените водоводи во населените места во Општина Прилеп од страна на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.
2.Заклучокот да се достави до ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.
3.Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 117/6-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ВОДИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Програмата за испитување на води во населените места во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/6_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 29 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.52/95) и член 26 точка 14 од Статутот на Општина Прилеп (,,Сл.гласник на Општина Прилеп,, бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.01..2004 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за испитување на води во населените места во Општина Прилеп

**ОПШТО:**

Према сите испитувања на Законот за здраствена заштита во последните
неколку години општа констатација према добиените резултати за исправност на водите за пиење е дека голем дел од населените места се снабдуваат со хигиенски неипсравна вода за пиење при што во летниот период капацитетот на вода е многу мал па во никој случај не ги задоволува на минималните потреби од вода за населението.

Со оглед на состојбата, интересот за изградба на водоводи кај локалното население е голем и нивната ангажираност е драгоцена.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека со оглед на финансиските можности на населението, а од друга страна релативно високите вредности за испитување на водите во населените места и градот Прилеп се доведуваат во прашање сите активности за извршување на потребните работи за испитување на водите во Општина Прилеп без финансиска подршка од државата.

**П Р О Г Р А М А**

Имајќи ги во предвид потребите, можностите и иницијативите од локалното население, ОпШтина Прилеп во текот на 2004 година планираат ангажирање на сопствени средства и средства на Републиката и други донации за испитување и наоЃање на нови води за пиење за следните населени места:

1. Град Прилеп
2. Н.м. Мало Радобил
3. Н.м. Волково
4. Н.м. Прилепец
5. Н.м. Лениште
6. Н.м. Присад
7. Н.м. Тројаци
8. Н.м. Никодин
9. Н.м. Ракле
10. Н.м. Старо Лагово

Оваа Програма претставува основа на испитување на води за пиење за водоснабдителни објекти и барање на финансиски средства од државата и други донации.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 117/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01. 2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПРОЕКТОТ "УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата за Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/7_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, претресувајќи ја Информацијата за Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел во Република Македонија, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се усвојува Информацијата за Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел во Република Македонија".

2.Заклучокот да се достави до Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3.Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 117/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ "УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**

1. Одлуката за учество во Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп

Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 15 и 19 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 30.01.2004 година, расправајќи по Резимето на Проектот-"Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија" , донесе:

**ОДЛУКА**

за учество во Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија"

Член 1

Општината Прилеп, донесува Одлука за учество во Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија",
согласно институционалниот концепт, предложен во Физибилити студијата и усогласен со законската регулатива на Република Македонија.

Член 2

Со реализација на Концептот и Физибилити студијата за Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија,Општина Прилеп ќе пристапи кон превземање на неопходните мерки за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад, во согласност со усвоениот институционален модел.

Член 3

Општината Прилеп, како ко-основач на Меѓуопштинското јавно претпријатие, се обврзува, заедно со останатите општини од проектниот регион, да учествува во обезбедувањето средства за почетно финансирање на работата на Меѓуопштинското јавно претпријатие ( Работен капитал) и делот што отпаѓа на неа, навремено ќе го стави на располагање.

Висината на средствата од став 1 на овој член, ќе изнесува севкупно 1.250.000 ЕУР, од кои општините мораат да обезбедат 10% до крајот на 2004 година, а остатокот до крајот на 2006 година.

Средства за почетното финансирање на работата на Меѓуопштинското јавно претпријатие, ќе се обезбедат преку времена и наменска промена на цената на услугата.

Член 4

Висината, динамиката и начинот на обезбедувањето на средствата од став 1 на член 3 од оваа Одлука, ќе биде согласно критериумите што ќе ги утврди Координативното тело, основано од претставниците на општините во проектниот регион.

Овие средства ќе бидат уплаќани на банкарска сметка, управувана од страна на доверител, определен со посебна Одлука на Координативното тело.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на општина Прилеп , да се грижи за реализацијата на оваа Одлука и да ја застапува општината при подготовката на основањето на меѓуопштинското јавно претпријатие.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07- 117/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ПО НАЦРТ-ПЛАНОТЗА ГРАДСКИ ПРЕВОЗ, СО МРЕЖА НА ЛИНИИ НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Заклучоците по Нацрт-Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп, се објавуваат во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 135/9_ ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, претресувајќи го Нацрт - Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп, ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се усвојува Нацрт - Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп.

2. Се организира Јавна расправа по Нацрт - Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп во траење од 30 дена.

3. Се задолжува Фондот за локални патишта да ја спроведе јавната расправа.

4. По спроведената Јавна расправа и вградените предлози и забелешки, Фондот да

поднесе Предлог - План за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп.

5.Заклучоците да се достаат до Фондот за локални патишта, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

6.Заклучоците ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број -7 - 117/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЈРДП "РАДИО И ТЕЛЕВИЗИЈА "ПРИЛЕП**

1.Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување цените на услугите на ЈРДП "Радио и телевизија" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите на ЈРДП на локано ниво "Радио и телевизија"Прилеп

1.Со ова Решениесе дава согласност на Одлуката на Управниот одбор, за утврдување на цените на услугите на ЈРДП на локално ниво "Радио и телевизија" Прилеп

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.

3. Решението да се достави до ЈРДП "Радио и телевизија" Прилеп Градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

4 .Решението ќе се објави во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 117/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "КОЧО РАЦИН" ПРИЛЕП**

1.Решението за именување претставници во Училишниот одбор на ОУ"Кочо Рацин" Прилеп, , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 135/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
04.02.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.01.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за делегирање членови во Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" Прилеп

1.Со ова Решение се делегираат членови во Училишниот одбор на ОУ "Кочо Рацин" Прилеп.

2. За членови во Училишниот одбор, претставници на Општината, се именуваат:
- ГОРДАНА ДАМЕСКА
- ВАНГЕЛ НАУМОСКИ, библиотекар - ОУ "Манчу Матак" Кривогаштани.

Мандатот на членовите трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.

4. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

5 .Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 117/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99 и 53/01, 45/02) член 43

точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 52/95 и 60/95, 5/02) и член 61 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 3/96 и 2/97) Градоначалникот на Општината донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - **урбан модул "А"** со граници : : ул. "Димитар Влахов", ул. "Трајко Тарцан", ул. "Димче Карески" и ул. "Стеван Базеркоски"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "А".

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе таре 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "А"ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 03 - 1683/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
22.12.2003 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Прилеп Градоначалник
Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99 и 53/01, 45/02) член 43 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 52/95 и 60/95, 5/02) и член 61 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 3/96 и 2/97) Градоначалникот на Општината донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "Б"** со граници : ул. "Димитар Влахов", ул. "Вера Цививири", ул. "Круме Спиркоски" и ул. "Благоја Стојкоски"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "Б".

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе таре 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "Б"ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 03 - 1684/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
22.12.2003 ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Прилеп Градоначалник
Сашо Пирганоски

## С О Д Р Ж И Н А

на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1 од 04.02. 2004 година

1. Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2004 година.........................Стр. 1

- Заклучоци по Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2004 г....Стр. 6

2. Програма за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година........................................................................................................ Стр. 6
3. Заклучок за измена на Заклучоци број 07 - 1689/2 од 21.12.1998 година.................... Стр. 8

4. Програма за јавно осветлување за 2004 год. на подрачјето на Општина Прилеп..... Стр. 9

5. Програма за изградба на локални водоводи во населените места во Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина Прилеп за 2004 година..................................................... Стр. 10

- Заклучок по Програмата за изградба на локални водоводи во населените места во Општина Прилеп и изградба на колектори во Општина Прилеп за 2004 година.................................. Стр. 11

6. Програма за испитување на води во населените места во Општина Прилеп............. Стр. 11

7. Заклучок по Информација за Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија"........................................................................................................... Стр. 12

8. Одлука за учество во Проектот "Управување со цврст отпад во југозападниот дел на Република Македонија"........................................................................................................... Стр. 13

9. Заклучоци по Нацрт-Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп..Стр.14

10. Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување цените на услугите на ЈРДП на локално ниво "Радио и телевизија"Прилеп..................................................................................... Стр.14

11. Решение за делегирање членови во УО на ОУ"Кочо Рацин" Прилеп......................... Стр.14

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - **урбан модул "А"** со граници : : ул. "Димитар Влахов", ул. "Трајко Тарцан", ул. "Димче Карески" и ул. "Стеван Базеркоски"............................................... . Стр.15

2.Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр.16- дел од урбан блок 16/1 - урбан модул "Б"** со граници : ул. "Димитар Влахов", ул. "Вера Циривири", ул. "Круме Спиркоски" и ул. "Благоја Стојкоски"..................................................... Стр. 15

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.